# ЕЛАЈ, РИСТЕ, ЕЛАЈ




„Елај, Ристе, елај, јуназе,
елај, Ристе, елај, јуназ, јуназе!“
–„Нејќам, Доно, нејќам, не идам
нејќам севдо, нејќам, не идам, не идам.
Мајка ти е дома, Донке ле,
мајка ти е дома, севдо ле, севдо ле“.

–„Мајка ми отиде на цркви,
мајка ми отиде на цркви, на цркви,
да раздава, Ристе, за душа,
да раздава, Ристе, за душа, за душа,
ние со тебе, Ристе, за гуша,
ние со тебе, Ристе, за гуша, за гуша!“
–„Ај излези, Донке, насред село
ај излези, Донке, насред село, насред село,
да разиграш, Доно, момите
да разиграш, Доно, момчињата!“

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978